**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1303-13/3**

**Скопје, 27.01.2006 година**

**ДО**
**ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПРОИЗВОДИ СО ПОСЕБНА НАМЕНА „11-ОКТОМВРИ-ЕУРОКОМПОЗИТ“ АД ПРИЛЕП**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11-Октомври-Еурокомпозит“ АД-Прилеп ( во понатамошниот текст „Еурокомпозит“) за 2004 година, кои се прикажани на страните од 8 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на “Еурокомпозит“ за 2002 година. За годината 2003 која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Ило Маркушоски - прв извршен директор на Одборот на директори,

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 7, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 12.10.2005 до 11.11.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Максим Ацевски, Помошник главен државен ревизор;
   - Љубинка Здравеска- самостоен ревизор,
   - Весна Младеновска, ревизор,
   - Билјана Арсовска Андонова, ревизор,
   - Десанка Крстеска, ревизор,
   - Мирјана Симакоска, ревизор,
   - Лепосава Шкиљевиќ-помлад ревизор,

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11-Октомври-Еурокомпозит“ АД-Прилеп, добиена е забелешка на Претходниот извештај заведена под број 1304-13/1 од 04.01.2006 година и 1304-13/2 од 18.01.2006 година и тоа на дадените наоди содржани во точките 10.1.1. и 10.2.2. и состојбата искажана во точка 13.2.. Овластениот државен ревизор истата ја разгледа и делумно ја прифати.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

    11.1. **Неправилна примена на акти**

    11.1.1. “Еурокомпозит“ не извршило мигрирање на жиро сметката со која го извршувала платниот промет од Заводот за платен промет во еден од носителите на платниот промет, што е спротивно на одредбите од Законот за платниот промет. Заклучно со 1999 година па се до денот на ревизијата жиро сметката е блокирана и истата е во евиденција на Управата за јавни приходи-Реферат за блокирани сметки во состав на одделението за правни работи во Регионална дирекција Скопје). Целокупниот платен промет „Еурокомпозит“ го извршува преку сметката на Друштвото за производство, трговија и услуги “Композитна опрема“ ДООЕЛ увоз-извоз Прилеп чиј основач е Акционерското друштво за производство, трговија и услуги МЗТ Специјални возила и опрема АД Скопје, при што потписник на жиро сметката е Ило Маркушески-прв извршен директор на одборот на директори на “Еурокомпозит“, што е спротивно на Законот за платниот промет. Непревземањето на активности за мигрирање на сметката во соодветен носител на платниот промет, непочитувањето на одредбите на платниот промет и извршувањето на платниот промет преку сметка на друго правно лице предизвикува неможност да се наплатат даноците, придонесите, царините и другите увозни давачки (јавните приходи) и другите обврски со кои е извршено блокирање на сметката.

11.1.2. „Еурокомпозит“ во сметководствената евиденција на име обврски за даноци и придонеси од добивката, обврски за данок на додадена вредност и персонален данок искажале обврска во вкупен износ од 112.045 илјади денари и тоа како што следува:

- данок од добивка во износ од 60.990 илјади денари;
- Данок на додадена вредност во износ од 16.586 илјади денари;
- Персонален данок во износ од 34.469 илјади денари;

и истите до известувачкиот датум не се платени, што е спротивно на одредбите од Законот за данокот на добивка, Законот за данокот на додадена вредност и Законот за персоналниот данок на доход. Непочитувањето на одредбите од наведените законски акти и непревземањето на мерки и активности за плаќање на наведените даноци предизвикува потценување на приходите на Буџетот на Републиката за годината за која субјектот имал обврска да ги уплати соодветните даноци. (види преглед број 1)

11.1.3. "Еурокомпозит" во сметководствената евиденција на име обврски за придонеси од плати искажале обврска во вкупен износ од 101.967 илјади денари и тоа како што следува:

- придонес за пензиско и инвалидско осигурување во износ од 50.596 илјади денари;
- придонес за вработување во износ од 6.720 илјади денари;
- придонес за здравствено осигурување во вкупен износ од 43.014 илјади денари;
- дополнителен придонес за здравствено осигурување во износ од 1.637 илјади денари;

Не плаќањето на пресметаните придонеси на име плати е спротивно на одредбите од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Законот за здравствено осигурување и Законот за вработување. Непочитувањето на одредбите на наведените законски акти и непревземањето на мерки за плаќање на придонесите од плати предизвикува потценување на приходот на фондовите каде се уплатуваат придонесите за годината за која „Еурокомпозит“ имал обврска да ги уплати придонесите. (види преглед број 1)

11.1.4. Во сметководствената евиденција на "Еурокомпозит“ искажани се обврски на име камати за ненавремено платени даноци (јавни давачки кон државата за 2001, 2002 и 2003 година) во вкупен износ од 20.608 илјади денари, врз основа на Решенија на Управата за јавни приходи број 03-3192 од 03.10.2003 година и број 16-11/007-2 од 16.04.2004 година и тоа:

- Камата за ненавремено платен данок од добивка во износ од 522 илјади денари;
- камати за ненавремено платен персонален данок од доход од плати во износ од 8.831 илјади денари; и
- камата за ненавремено платен данок на додадена вредност во износ од 11.255 илјади денари;

Непочитувањето на одредбите од наведеното Решение и непревземањето на соодветни мерки и активности за плаќање на каматите предизвикува потценување на приходите на Буџетот на Републиката.

11.1.5. Во сметководствената евиденција „Еурокомпозит“ искажал обврски за други даноци, придонеси, членарини и други давачки кои не зависат од

резултатот на работењето во износ од 794 илјади денари кои произлегуваат од поранешни години за пресметани средства на солидарноста, без притоа да се превземат конкретни активности за нивно плаќање согласно Наредбата за уплата на средствата на солидарноста. Непочитувањето на наведената наредба и неуплатување на наведените средства во корист на трезорската сметка „средства на солидарноста на Републиката за отстранување на последиците од елементарни непогоди“ предизвикува потценување на приходите на Републиката наменети за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

**Препораки и мерки:**

1. „Еурокомпозит“ да превземе активности и мерки за мигрирање на сметката во соодветен носител на платниот промет.

2. “Еурокомпозит“ во соработка со основачот (државата) да превземе соодветни активнисти и мерки кои ќе резултираат со соодветен план и програма за подмирување-плакање на неплатените обврски од поранешни и тековната година на име даноци и придонеси од добивката, данок на додадена вредност, персонален данок на плати, придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здраствено осигурување, придонес за вработување, камати за ненавремено плаќање на обврските и средства на солидарноста согласно Наредбата и за истото го извести Државниот завод за ревизија.

3. “Еурокомпозит “ да воспостави политики и процедури, со кои во моментот на пресметување и исплата на нето платите ќе изврши плаќање на закноски утврдените даноци и придонеси од плати.

4. „Еурокомпозит“ да воспостави соодветни процедури и постапки кои ќе овозможат плакање на јавните давачки во моментот на настанување на нивната обврска.

11.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. На позициите побарувања од купувачите во земјата и странство, обврски спрема добавувачите во земјата и странство, примени аванси во Билансот на состојба искажани се побарувања од купувачите во износ од 105.504 илјади денари и побарувања за дадени аванси во износ од 24.414 илјади денари, обврски во износ од 76.604 илјади денари и обврски за примени аванси во износ од 35.768 илјади денари кои потекнуваат од поранешни години, истите се застарени и не се превземени соодветни активности за нивна наплата-плаќање односно отпишување што е спротивно на Законот за облигационите односи. Непочитувањето на законот за облигационите односи и непревземањето на активности за раскнижување-отпишување на наведените позиции предизвикува нереално и необјективно прикажување на наведените позиции.

**Препораки и мерки:**

1. “Еурокомппозит“ да превземе активности за наплата-плаќање на ненаплатените побарувања и обврски и за истите кои ќе оцени дека се ненаплатливи да предложи на надлежниот орган да донесе соодветен акт за отпишување на истите во согласност со Законот за облигационите односи.

11.3. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.3.1. “Еурокомпозит“нема план за јавни набавки, нема донесено Одлука за потребата од одделната набавка и не е утврден начинот и постапката за извршување на набавката, критериумите за избор на најповолен понудувач и не располага со регистер за извршените набавки, што е спротивно на Законот за јавни набавки. Непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки за набавка на материлали, резервни делови, ситен инвентар, авто-гуми и услуги предизвикува необезбедување на фер конкуренција и еднаква положба на понудувачите.

**Препораки и мерки:**

1. “Еурокомпозит“да обезбеди доследно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки, а пред се да изработи план за јавни набавки, да ја утврди потребата, начинот и постапката за извршување на набавката, критериумите за избор на најповолен понудувач, воспостави регистар за извршените набавки и овозможи еднаква положба на понудувачите.

11.4. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 11.1; 11.2. и 11.3. предизвикуваат “Еурокомпозит“ да: има блокирана сметка, не ги подмири сите обврски према Буџетот на Република Македонија и Буџетите на фондовите во вкупен износ од 235.414 илјади денари (214.012 илјади денари на име даноци и придонеси, 20.608 илјади денари на име камати за ненавремено платени јавни давачки и 794 илјади денари на име средства на солидарноста), непостоење на соодветни сметководствени политики за начинот на отпишување на застарените аванси, побарувања и обврски, и неспроведени постапки за јавни набавки.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1 до 11.3 ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на „Еурокомпозит “ под 31 Декември 2004 година.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1. до 11.3. кај „Еурокомпозит“ е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2004 година.

14. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

14.1. Ценејќи ги сосотојбите и фактот дека претпријатието е единствен правен субјект во наменската воена индустрија кој континуирано покажува особени резултати во однос на НАТО-стандардите за заштита од една страна и искажаната загуба од работењето од друга страна, односно за тековната година искажува загуба во износ од 24.635 илјади денари, пренесена загуба во износ од 214.658 илјади денари, т.е. вкупна загуба во износ од 239.293 илјади денари, менаџментот, управниот одбор и основачот на претпријатието

потребно е да превземат соодветни активности и мерки да изработат, предложат и донесат соодветна програма и акт за надминување на наведената состојба и покривање на загубата на претпријатието.

14.2. Врз основа на ЕЦД У-7 С-1755/23.08.2002 складирани се производи под царински надзор во ЈЦС „Пролукс“-Прилеп, а со Решение број 966 од 23.08.2002 година на ЦИ Прилеп извршено е привремено дислоцирање на производите во гарнизон „Мирче Ацев“-Прилеп со рок на враќање од 60 дена. На ден 21.08.2003 година “11Октомври-Еурокомпозит“ до Министерството за финансии Царинска управа на Република Македонија упатил барање за продолжување на рокот за производите под царински надзор. Имајќи во предвид дека на ревизијата не и беше презентирана дополнителна документација, Главниот државен ревизор со писмо број 10-780/2 од 07.11.2005 година државна тајна-строго доверливо се обрати до Министерството за финансии-Царинска управа на Република Македонија Скопје, со кое побара да се достават податоци за :

- Вкупните количини по царински надзор и местото на ускладиштување;
- Износот на царината доколку би се пресметала на вкупно увезените количини;
- Даночната основица за данок на додадена вредност на набавените количини и висината на данокот на додадена вредност;

И покрај тоа што Главниот државен ревизор упати писмена ургенција заведена под број 10-780/3 од 30.11.2005 година до Министерството за финансии-Царинска управа, со цел бараните податоци да се доставаат, до денот на изготвувањето на ревизорскиот извештај истите не се доставени. Недоставувањето на потребните податоци го оневозможи овластениот државен ревизор да ги изврши работите на државната ревизија.

14.3. Поради осознавање на состојби и точниот износ на блокирање на сметката на “Еурокомпозит“ наведено во точка 10.1.1., Главниот државен ревизор со писмо број 10-780/1 од 07.11.2005 година се обрати до Министерството за финансии-Управа за јавни приходи на Република Македонија со кое бара да се доставаат податоците за висината на блокадата и основот на извршеното блокирање. Министерството за финансии-Управа за јавни приходи-Генерална дирекција со писмо број 12-12473/2 од 24.11.2005 гоидина го извести Државниот завод за ревизија дека согласно член 20 од Законот за утврдување и наплата на јавните приходи не е во можност да ги достави бараните податоци. Недоставувањето на бараните податоци го оневозможи овластениот државен ревизор да ги изврши работите на државната ревизија.

14.4. Врз основа на повеќе договори за деловна соработка, „Октомври“ во текот на 1998 и 1999 година испорачува производи на доработка за кои во трговските книги “Еурокомпозит“ искажува побарувања од компанијата „Слобода“-Чачак во износ од 30.726 илјади денари, чија наплата е неизвесна. За испорачаните производи цитирано е Решение број Уп/1510/99 од Сојузната управа за царини на СРЈ со кое наведениот орган ја ослободува наведената компанија од обврската за враќање на привремено увезената роба која записнички било констатирано дека е уништена за време на бомбардирањата на СРЈ во текот на 1999 година. На ревизијата не и се презентирани соодветни документи: со кои ќе се потврди наведената информација, ќе се потврди дека се превземени активности за конечно царинење на привремениот извоз по генерално Решение У-бр 08-3534 од 02.12.1998 година и у-бр. 08-545/99 од 11.03.1999 година и дека се превземени неопходните активности за наплата на наведените побарувања.

15. Прифатени и корегирани неправилности од страна на “Еурокомпозит“ во текот на ревизијата и известување за превземените мерки за дадените препораки и мерки на ревизорскиот извештај на финансиските извештаи за 2002 година:

15.1. По завршување на ревизијата “Еурокомпозит“ изврши корекција на одредени состојби на сметките во трговските книги за 2005 година по дадена исправка од страна на ревизијата која што за ефект има зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2004 година за износ од 963 илјади денари. Исправката е спроведена со налог број 6/57 од 30.11.2005 година.

15.2. “Еурокомпозит“ превземал мерки по дадените препораки и мерки содржани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за наодите утврдени во точките 10.11 до 10.14; 10.19; 10.22 до 10.67 и 10.69 до 10.74, додека по препораките и мерките кои се однесуваат на преостанатите наоди не е постапено.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 26/01/2006 година**

**Максим Ацевски**

**Друштво за производство на производи со посебна намена "11 - ОКТОМВРИ-ЕУРОКОМПОЗИТ" АД Прилеп**

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2004 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | Образло-жениja | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1 | 142,807 | 73,271 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | 3.2 | 1,846 | 1,571 |
| Останати деловни приходи | 3.3 | 31,068 | 59,359 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | | **175,721** | **134,201** |
| Залиха на почетокот на периодот | | 16,209 | 12,550 |
| Залиха на крајот на периодот | | 44,545 | 16,209 |
| Материјални трошоци | 3.7 | 92,203 | 40,977 |
| Трошоци за бруто плати | 3.8 | 74,826 | 76,675 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 3.9 | 13,355 | 13,110 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 3.10 | 343 | 12,019 |
| Останати оперативни трошоци | 3.11 | 39,519 | 61,182 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | | **191,910** | **200,304** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 3.4 | 10,582 | 51,259 |
| Приходи од учества на вложувања | 3.5 | - | 606 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 3.12 | 9,927 | 33,937 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | | **(15,534)** | **(48,175)** |
| Вонредни приходи | 3.6 | - | 83 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **(15,534)** | **(48,092)** |
| **Данок од добивка** | 4.20 | **9,101** | **6,150** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | | **(24,635)** | **(54,242)** |

Образложенијата дадени од страна 12-29 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување

**Друштво за производство на производи со посебна намена "11 - ОКТОМВРИ-ЕУРОКОМПОЗИТ" АД Прилеп**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-женија | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 4.1 | 2,696 | 182 |
| Побарувања по основ на продажба | 4.2 | 198,887 | 185,864 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 4.3 | 146 | 152 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 4.4 | 519 | 519 |
| Други краткорочни побарувања | 4.5 | 14,450 | 52,011 |
| Платени трошоци за идните периоди | 4.6 | 513 | 334 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.7 | 153,248 | 152,517 |
| Залихи | 4.8 | 136,500 | 143,984 |
| **Вкупно тековни средства** | | **506,959** | **535,563** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални и материјални средства | 4.9 | 279,430 | 304,042 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 4.10 | 63,166 | 63,368 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **342,596** | **367,410** |
| **Вкупна актива** | | **849,555** | **902,973** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 4.11 | 137,277 | 179,008 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 4.12 | 36,538 | 35,984 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 4.13 | 22,308 | 22,308 |
| Останати краткорочни обврски | 4.14 | 234,112 | 222,694 |
| Одложени плаќања на трошоци | 4.15 | 52,307 | 51,211 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **482,542** | **511,205** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврски | 4.16 | 0 | 121 |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Капитал | 4.17 | 598,221 | 598,221 |
| Ревалоризациона резерва | | 0 | 8,084 |
| Резерви | 4.18 | 8,085 | 0 |
| Пренесена загуба | 4.19 | 214,658 | 160,416 |
| Загуба за финансиска година | 4.20 | 24,635 | 54,242 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **367,013** | **391,647** |
| **Вкупна пасива** | | **849,555** | **902,973** |

Образложенијата дадени од страна 12-29 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.

## П Р Е Г Л Е Д
## ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2004 ГОДИНА

| О П И С | Капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **598,221** | **0** | **8,084** | **(214,658)** | **391,647** |
| Распределба на ревалоризац. резерва | | 8,084 | (8,084) | | **0** |
| Загуба за финансиска година | | | | (24,635) | **(24,635)** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **598,221** | **8,084** | **0** | **(239,293)** | **367,012** |

Образложенијата дадени од страна 12-29 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.

**Друштво за производство на производи со посебна намена "11 - ОКТОМВРИ-ЕУРОКОМПОЗИТ" АД Прилеп**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2004 ГОДИНА

| | во 000 Ден. 2004/2003 |
|---|---|
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(15,534)** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 13,355 |
| Приходи одминати години кои не повлекуваат парични средства | (1,740) |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 343 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 13,886 |
| Приходи од употреба на сопствени производи | (1,111) |
| Данок од добивка | (9,101) |
| **Готовински текови од работење** | **98** |
| Побарувања по основ на продажба | (13,023) |
| Побарувања од поврзани субјекти | 6 |
| Други краткорочни побарувања | 37,561 |
| Платени трошоци за идните периоди | (179) |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | (731) |
| Залихи | 7,484 |
| Обврски спрема добавувачи | (41,731) |
| Примени аванси, депозити и кауции | 554 |
| Останати краткорочни обврски | 11,418 |
| Одложени плаќања на трошоци | 1,096 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **2,553** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 202 |
| Нематеријални и материјални вложувања | (120) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **82** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | (121) |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(121)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **2,514** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **182** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **2,696** |

Образложенијата дадени од страна 12-29 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.